# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

16 октомври 2018 | Излегува по потреба | Година XIII | број 17



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Постапувајќи по Претставката поднесена до Државен инспекторат за локална самоуправа од 14.09.2018 година заведена под број 08-910/1, Градоначалникот на Општина Гази Баба Борис Георгиевски постапувајќи согласно член 9 став 3 од Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба, на ден 16.10.2018 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

за поништување на Одлуката за распишување на избори за членови на Совет на Урбаните и Месните на територија на Општина Гази Баба

**Член 1**

Одлуката за распишување на избори за членови на Совет на Урбаните и Месните на територија на Општина Гази Баба бр.08-4046/1 од 12.09.2018 година СЕ ПОНИШТУВА.

**Член 2**

Изборите за членови на Совет на Урбаните и Месните на територија на Општина Гази Баба спроведени врз основа на одлуката од член 1 одржани на ден 23.09.2018 се ПОНИШТУВААТ.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Образложение:

Од страна на членови на Советот на Општина Гази Баба до Државниот инспекторат за локална самоуправа е поднесена Претставка со која се наведуваат одредени неправилности во врска со спроведената постапка за избор на членови на Совет на Урбаните и Месните на територија на Општина Гази Баба. Имајќи во предвид дека иако сите дејствија за распишување и одржување на изборите беа во координација со сите членови во Советот на Општина Гази Баба, сепак наводите изнесени во Претставката оставаат дамка на изборот на членови на Советот, па од таа причина, а со цел спроведување на нова постапка за избор на членови на Совет на Урбаните и Месните на територија на Општина Гази Баба се донесе Решение како во изреката.

Скопје, 16.10.2018 година

**Број 08-4657/1**
**од 16.10.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

# СОДРЖИНА

**ОДЛУКА** за поништување на Одлуката за распишување наизбори за членови на Совет на Урбаните и Месните на територија на Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 3

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 17/18**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж:10 примероци

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ